**ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# Политика за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба на корисници

**Цел на политиката:** Да се донесе политика за нулта толеранција за сексуална експлоатација и злоупотреба (СЕЗ) за сите вработени во Здружение на граѓани "ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ" Гевгелија (во понатамошниот текст "ЦКП") и друг поврзан кадар и да се обезбеди дека улогите, одговорностите и очекуваните стандарди за однесување во врска со СЕЗ внатре во ЦКП се познати. Да се создаде и одржува безбедно опкружување, без присуство на СЕЗ, преку преземање соодветни мерки за таа цел, внатрешно и во заедниците каде што работи ЦКП, преку робусна превенција и давање одговор.

**Целни групи:** Сите вработени и другиот кадар на ЦКП.

Дата на стапување во сила**:** 27.11.2023
Дата за задолжително ревидирање**:** 27.11.2025

## 1. Исказ за политиката:

*1,1.* СЕЗ претставува прекршување на универзално прифатените меѓународни правни норми и стандарди и неприфатливо однесување и забрането поведение за сите хуманитарни работници, вклучително и за вработените и поврзаниот кадар на ЦКП .[1]
1,2. ЦКП има политика за нулта толеранција за СЕЗ. Од сите вработени и кадар поврзан со ЦКП [2] се очекува во секое време да се придржуваат до највисоките стандарди за лично и професионално однесување, и да обезбедуваат услуги и хуманитарна помош со почитување и поттикнување на правата на корисниците и други ранливи членови на локалните заедници.

## 2. Опсег на примена:

2.1. Оваа политика го утврдува пристапот на ЦКП за превенција и одговор на СЕЗ. Политиката е применлива за сите вработени и поврзаниот кадар, и додека се на и вон должност.

## 3. Дефиниции [3]

3.1. За целите на оваа политика, **„сексуална експлоатација"** претставува извршена злоупотреба или обид за злоупотреба на состојба на ранливост, различна моќ или доверба за сексуални цели, вклучително, но, не и ограничено на остварување парична, социјална или политичка добивка од сексуалната експлоатација на друго лице.
3.2. **„Сексуална злоупотреба"** претставува извршено физичко наметнување или закана за физичко наметнување од сексуална природа, со сила или во услови на нерамноправност или принуда.

---

[1] Билтен на Генералниот секретар: ST/SGB/2003/13, 2003. https://undocs.org/en/ST/SGB/2003/13
[2] Терминот кадар „поврзан со" значи, на пример, подизведувачи, консултанти, практиканти или волонтери кои се поврзани со или работат во име на ЦКП.
[3] Двете дефиниции се усвоени во Билтенот на Генералниот секретар: ST/SGB/2003/13, 2003. https://undocs.org/en/ST/SGB/2003/13

## 4. Обврски за ЗСЕЗ:

4.1. ЦКП ќе ги направи сите заложби за создавање и одржување на безбедно опкружување без присуство на СЕЗ, и ќе презема соодветни мерки за таа цел во заедниците каде што работи, преку робусна рамка за ЗСЕЗ, вклучително и мерки за превенција и одговор.
4.2. Оваа рамка за ЗСЕЗ, ја потврдува обврзаноста на ЦКП на Специјалните мерки за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба (ST/SGB/2003/13) од Билтенот на Генералниот секретар: и за постигнување на целосна, тековна имплементација на Шесте основни начела на ИАСЦ за СЕЗ[4].

## 5. Шест основни начела[5]:

5.1. СЕЗ од страна на вработени и поврзан кадар со ЦКП претставува сериозна злоупотреба на должноста и оттука се смета за основ за престанок на вработувањето[6].

5.2. Полова активност со деца (лица под 18 годишна возраст) е забранета без разлика на возраста за полнолетство или за возраста за давање сексуална согласност во локалната средина. Погрешното поимање за возраст на дете не може да се користи како одбрана.

5.3. Размена на пари, вработување, добра или услуги за секс, вклучително и сексуални услуги или други форми на понижување, деградирање или експлоатирачко однесување се забранети. Тука спаѓа и размена на помош која е наменета за корисниците.

5.4. Секоја сексуална релација помеѓу вработени или поврзан кадар на ЦКП и корисниците на помош или други ранливи членови на локалните заедници, со вклучено несоодветно користење на ранг или позиција, е забранета. Таквата релација го поткопува кредибилитетот и интегритетот на хуманитарната работа за помош.

5.5. Кога кај вработените или поврзаниот кадар на ЦКП постои загриженост или сомнеж за сексуална злоупотреба или експлоатација од страна на соработник, без разлика дали од истата организација или не, тој/таа мора да ја пријави таквата загриженост преку воспоставените механизми за пријавување.

5.6. Сите вработени и поврзан кадар на ЦКП се обврзани да создаваат и одржуваат опкружување во коешто СЕЗ е забранета и се промовира имплементацијата на оваа политика. Раководителите на сите нивоа имаат посебна одговорност за поддршка и развој на системи каде што се одржува такво опкружување.

## 6. Рамка за ЗСЕЗ:

### 6.1. Превенција

**6.1. 1. Проверка** ЦКП систематски врши проверка на потенцијалните кандидати за вработување во согласност со воспоставените процедури за преглед. Оваа проверка се прави при секое оглас за вработување и се состои од следното:

---

[4] ИАСЦ Шест основни начела; достапно на: https://interagencystandingcommittee.org/inter-agency-standing-committee/iasc-six-core-principles-relating-sexual-exploitation-and-abuse.
[5] Изменето за целите на политиката за ЗСЕЗ. *Овде нема намера овие акти да претставуваат исцрпна листа.*
[6] Вклучително и сите други форми на договори, на пример за назначување волонтери.

**ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

- Внесување реченица во огласите за вработување за да се известат кандидатите дека ќе се спроведе проверка на информациите и препораките и дека етиката е дел од годишното оценување на работата.
- Барање од апликантите самостојно да пријават претходни проблеми со сексуално или друго непристојно однесување, претходи откази, кривично досие, и загрижености евидентирани кај властите во врска со контакти со деца, и да се согласат дека нивните поранешни работодавачи ќе ги споделат тие информации во текот на проверката на препораките.
- Проверка на информациите (на пр: полициско досие, пребарување на Google) и стапување во контакт со лица кои дале препораки за да се провери претходно лошо однесување во согласност со локалните закони за вработување, приватност и заштита на податоци.
- Обезбедување родово балансиран панел за интервјуирање на кандидатите за време на процесот на вработување и спроведување родово неутрални интервјуа. [7]
- За време на интервјуата, на кандидатите им се поставуваат прашања за етиката и етичките дилеми (на пр. Што претставува етичка организација за вас? Кажете ни за ситуација кога се имате соочено со етички предизвик.
- Од кандидатите се бара да го прочитаат и потпишат кодексот на однесување пред да им се понуди договор.

Оваа листа е прикачена во рамки на оваа процедура како Прилог 2.

### 6.1. 2. Обука

ЦКП одржува задолжителна воведна обука и обука за освежување на знаењата[8] за сите вработени и поврзан кадар на организацијата за политиките и процедурите за СЕЗ. Оваа обука се спроведура минимум еднаш годишно.

## 6.2. Одговор:

**6.2. 1. Пријавување:** ЦКП располага со безбедни, доверливи, и пристапни механизми и процедури за вработените, корисниците и заедниците, вклучително и за деца, да пријавуваат наводи за СЕЗ и корисниците се запознаени со истите. Овој формулар е прикажан во Прилог 3.

- Извештајот се доставува до лицето назначено за превенција и третман во случај на сексуална експлоатација и злоупотреба: Ивана Пенева по е-пошта: ivanapckp@gmail.com или по телефон: 070 290 369.
- Ако извештајот се однесува на горенаведената личност, инцидентот може да се пријави на лицето: Бојана Станојевска Пецуровска по е-пошта: b_stanojevska@yahoo.com или по телефон: 078 344 905.
- Секое ангажирано лице е должно без одлагање да пријави какво било знаење или сомневање дека се случило сексуално насилство, злоупотреба или експлоатација на дете или возрасен вклучен во програмите на организацијата од други ангажирани лица, лица ангажирани во агенции на ООН, партнерски организации или други институции.

[7] Исто види УНИЦЕФ Родово балансирани стратегии и алатки, пристапено на 8 јули 2019
[8] Обуката најмалку содржи: 1) дефиниција за СЕЗ (усогласена со дефиницијата на ОН); 2) забрана за СЕЗ; и 3) активности кои треба да ги преземаат вработените и поврзаниот кадар (т.е. Брзо пријавување и упатување на жртвите)

- Вклученото лице нема да се обиде да добие повеќе информации и нема да го испита случајот.
- Инцидентот може да биде пријавен анонимно.

**6.2. 2. Истраги:** ЦКП располага со воспоставен процес на истраги за наводи за СЕЗ и брзо и неодложно спроведува истрага за СЕЗ од страна на вработените или поврзан кадар или врши упатување кај соодветно истражно тело доколку сторителот е поврзан со друг субјект.
Системот на истраги во рамки на ЦКП се споведува по поднесена пријава од страна на вработен во ЦКП до надлежното лице на формулар прикажан во ПРИЛОГ 3. Одговорното лице ваквата пријава ја евидентира во Евиденцијата на пријави кој е составен дел на оваа Процедура во ПРИЛОГ 5. Одговорното лице е должен при спроведување на истрагата да идентификува соодветни ризици согласно пријавата и да направи мерки за управување со истите како што е наведено во ПРИЛОГ 6.

**6.2.2.1. Упатување кај националните власти**: Доколку по соодветно спроведената истрага, постојат докази со кои се поткрепени наводите за СЕЗ, тие случаи може да се упатат кај националните власти за кривично гонење. Ваквиот формулар за упатување е прикажан како ПРИЛОГ 4.

**6.2. 3. Помош за жртви**: ЦКП располага со систем за брзо упатување на жртви на СЕЗ кај расположливи служби, врз основа на нивните потреби и согласност.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Телефонски број: 192

## 6.3. Договори за соработка:

6.3. 1. Сите договори и спогодби за партнерство на организацијата содржат стандардна клаузула којашто бара од изведувачите, добавувачите, консултантите и под-партнерите да се обврзат на нулта толеранција за СЕЗ и да преземаат мерки за превенција и давање одговор на СЕЗ.

6.3. 2. Пропустот на тие субјекти или поединци да преземаат превентивни мерки против СЕЗ, да спроведуваат истрага за нив и да преземаат поправни активности во случај на СЕЗ, ќе се смета за основ за прекин на секој договор за соработка.

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# ПРИЛОГ 1.
# Извештај за прифаќање на „Политика за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба на корисници“

## ИЗЈАВА

Изјавувам дека го прочитав и разбрав документот „Политика за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба на корисници“. Се согласувам и се обврзувам да работам во согласност со нејзините правила и упатства.

Јас разбирам дека секое прекршување на документот „Политика за заштита од сексуално искористување и злоупотреба на корисници“ може да резултира со прекинување на мојот ангажман во Здружение на граѓани ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ Гевгелија и / или понатамошна дисциплинска или судска постапка.

______________________________, на ________________

Ангажирана личност:

______________________________ ______________________________________

Име и презиме Потпис

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# ПРИЛОГ 2.
# ЗСЕЗ сензитивна листа за проверка во процесите на вработување

- ☐ Внесување реченица во огласите за вработување за да се известат кандидатите дека ќе се спроведе проверка на информациите и препораките и дека етиката е дел од годишното оценување на работата.
- ☐ Барање од апликантите самостојно да пријават претходни проблеми со сексуално или друго непристојно однесување, претходи откази, кривично досие, и загрижености евидентирани кај властите во врска со контакти со деца, и да се согласат дека нивните поранешни работодавачи ќе ги споделат тие информации во текот на проверката на препораките.
- ☐ Проверка на информациите (на пр: полициско досие, пребарување на Google) и стапување во контакт со лица кои дале препораки за да се провери претходно лошо однесување во согласност со локалните закони за вработување, приватност и заштита на податоци.
- ☐ Обезбедување родово балансиран панел за интервјуирање на кандидатите за време на процесот на вработување и спроведување родово неутрални интервјуа. [9]
- ☐ За време на интервјуата, на кандидатите им се поставуваат прашања за етиката и етичките дилеми (на пр. Што претставува етичка организација за вас? Кажете ни за ситуација кога се имате соочено со етички предизвик.
- ☐ Од кандидатите се бара да го прочитаат и потпишат кодексот на однесување пред да им се понуди договор.

[9] Исто види УНИЦЕФ Родово балансирани стратегии и алатки, пристапено на 8 јули 2019

**ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# ПРИЛОГ 3. Формулар за пријавување инциденти со наводи за СЕЗ

Овој примерок на формулар за пријавување инциденти е наменет за интерните процеси за пријавување во рамки на ЦКП.

**ДОВЕРЛИВО: Ограничете го пристапот до овој документ и чувајте го на безбедно место (на пр: лозинки или енкрипција на компјутерите и заклучување на канцелариите кога се празни). Секогаш користете шифрирани имиња кога упатувате на поединци кои се вклучени во случајот, испуштајте информации што може да го откријат идентитетот (на пр: дата на раѓање, адреса, телефонски број, опис на посебни физички карактеристики) и чувајте ги информациите за идентитетот и личните податоци за лицата кои се вклучени одделно од извештаите за инциденти и слично.**

1. Детали за тоа како, кога и од кого се примени наводите:
2. Опис на наводниот инцидент, вклучително и дата, време и локација.
3. Опис на наводните или осомничените жртви (на пр: име, возраст, род, националност, етничко потекло, посебни потреби)
4. Опис на наводните или осомничените сторители (на пр: име, возраст, националност, поврзаност со организацијата/позиција, евиденција за претходни дела)
5. Постапување на организацијата како одговор на наводите досега (на пр: упатување на помош, истраги, известување на ОН/Влада во земјата домаќин)
6. Постапување од страна на други организации или агенции (на пр: ОН/Влада во земјата домаќин) како одговор на наводите.
7. Побарана поддршка од партнерите ( на пр: поддршка за жртвите на СЕЗ, истраги)

| **Пријавата е пренесена од:** | |
|---|---|
| Име: | Информации за контакт (е-пошта, телефон): |
| Звање: | Дата: |

**ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# ПРИЛОГ 4. Формулар за упатување

**ДОВЕРЛИВО: Ограничете го пристапот до овој документ и чувајте го на безбедно место:**

Белешка: Споделете примерок од пополнетите формулари за упатување со жртвата и со агенцијата што врши прием и задржете примерок за внатрешната евиденција на организацијата и за нејзино последователно постапување.

| **Агенција што врши упатување** | |
|---|---|
| Агенција/организација: | Лице за контакт: |
| Телефон: | Е-пошта: |
| Локација | |

| **Агенција што врши прием:** | |
|---|---|
| Агенција/организација: | Лице за контакт: |
| Телефон: | Е-пошта: |
| Локација | |

| **Информации за жртвата** | |
|---|---|
| Име: | Телефон: |
| Адреса: | Возраст: |
| Пол: | Националност: |
| Јазик: | Број на лична карта: |
| Ако жртвата е малолетно лице ( под 18 години) | |
| Име не примарен старател: | Релација со детето: |
| Информации за контакт со старателот: | Дали детето е одделено или непридружувано? ☐ Да ☐ Не |
| Старателот е информиран за упатувањето? ☐ Да ☐ Не (ако не, појасни) | |

| **Основни информации/Причини за упатување и услуги кои што веќе се обезбедени** | |
|---|---|
| Дали жртвата е информирана за упатувањето? | Дали жртвата е упатена во друга организација? |

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

| | |
|---|---|
| ☐ Да ☐ Не (ако не, појасни подолу) | Да ☐ Не (ако не, појасни подолу) |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| Побарани услуги | | |
| ☐ Услуги за ментално здравје<br>☐ Психосоцијална поддршка<br>☐ Социјални услуги<br>☐ Медицинска заштита | ☐ Услуги за заштита<br>☐ Правна помош<br>☐ Образование<br>☐ Поддршка за егзистенција | ☐ Прифатилиште<br>☐ Материјална помош<br>☐ Исхрана<br>☐ Поддршка за деца родени како резултат на СЕЗ |
| Дадете појаснување за побараните услуги: | | |

| |
|---|
| **Согласност за давање информации. (Прочитајте ги со жртвата/старателот и одговорете на прашања пред тој/таа да се потпише подолу. Потпис во име на жртвата/старателот доколку согласност е дадена усно и жртвата/старателот не можат да се потпишат.)** |
| Јас, _________________________**(име на жртва)**, разбирам дека целта на упатувањето и на давањето на овие информации на __________________________(име на агенција што врши прием) е да се обезбеди сигурност и континуитетот на грижата помеѓу давателите на услуги кои сакаат да му даваат услуги на клиентот. Давателот на услуги,_______________ __(име на агенција што врши упатување), јасно ми ја објасни процедурата за упатување на мене и ми даде точни информации што ќе биде разоткриено. Со потпишување на овој формулар, давам овластување да се врши размена на информации. |
| Потпис на одговорната страна (жртва или старател ако е дете): |
| Дата (ден/месец/година) |

| |
|---|
| **Детали за упатувањето** |
| Некакви контакти или ограничувања? ☐ Да ☐ Не (Ако да, појасни подолу) |
| Упатувањето извршено преку ☐ Телефон (само во итни случаи) ☐ Е-пошта ☐ Електронски (на пр., апликација или база на податоци) ☐ лично |
| Последователно постапување очекувано преку: ☐ Телефонски ☐ Е-пошта ☐ Лично. До дата (ден/месец/година) |
| Информации за коишто агенциите се согласни да ги разменуваат во последователното постапување: |

Име и потпис на лицето кое извршило прием: Дата на прием (ден/месец/година)

**ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# ПРИЛОГ 5. Евиденција за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба

| Извештај, датум и опис на инцидентот | Резултатот од истрагата | Преземени внатрешни мерки | Преземени надворешни мерки |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: ckp.skopje@gmail.com
contact@ckp.org.mk
www.ckp.org.mk

# ПРИЛОГ 6. Образец за проценка и управување со ризик за време на истрага за СЕЗ

| ПРОЦЕНКА НА РИЗИК | | | | УПРАВУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Кој е во ризик?** | **Идентификувани ризик/ици** | **Веројатност за ризик (висок, среден, низок)** | **Претходни мерки за справување со ризик/ици досега** | **Дополнителни мерки за ублажување** | **Од кого?** | **До кога** |
| **1.** | | | | | | | |
| **2.** | | | | | | | |
| **3.** | | | | | | | |